## ПРОЕКТ „ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА”

**Општи податоци за проектот**

Проектот **„Подобрување на условите за работа”** се спроведува во рамките на ИПА Акциската програма 2017. Проектот започна во ноември 2019 година, а заврши во декември 2023 година. Вредноста на проектот беше 855,440 евра.

**Цел на проектот**

Целта на проектот беше да се поттикне создавањето на формални работни места и намалување на непријавените работни места, како и да се стимулира повисока економска активност на жените на пазарот на трудот.

Проектот допринесе кон промовирање на праведен и еднаков третман по однос на условите за работа за работниците преку

- воведување и имплементација на мерки за усогласеност, зајакнување на придобивките од вработување и социјално осигурување, и стимулации за премин кон пријавена работа и
- развивање и спроведување решенија за усогласување на семејниот и професионалниот живот и намалување на родовата дискриминација на работното место.

Активностите во проектот беа организирани во две компоненти:

1. Поддршка на имплементацијата на избраните законски, политички, институционални мерки и мерки за подигање на свеста што го олеснуваат преминот кон формална економија.
2. Борба против родовата дискриминација на работното место и усогласување на семејниот и професионалниот живот.

| Компонента | Активности |
|---|---|

| | |
|---|---|
| **Компонента 1 - Поддршка при спроведување на избрани правни и политички мерки, и мерки за подигање на свеста, што ќе го олеснат преминот кон формална економија** | **1.1.** Развивање систем и градење капацитети на надлежните институции и социјалните партнери за следење и пријавување на неформалната работа.<br>**1.2.** Развивање и практична примена на законска и институционална рамка и процедури за воведување на картички за идентификација на работно место или други пристапи за решавање на проблемот со непријавената работа.<br>**1.3.** Поддршка на Министерство за труд и социјална политика и други чинители во државата за воведување систем на ваучери или слични механизми за формализирање на неформалната работа во услужните сектори кај кои што постои поголема веројатност од непријавени активности.<br>**1.4.** Дефинирање на форматот и структурата на кампањите за подигање на свеста, едукација и информирање за непријавената работа и ефектите врз општеството како целина, а особено врз работниците.<br>**1.5.** Спроведување кампања во соработка со институционални и социјални партнери.<br>**1.6.** Анализа на моменталната состојба во Република Северна Македонија за несреќи при работа и професионални ризици и болести во земјоделскиот сектор и предлог мерки за намалување на стапката на несреќи со посебен фокус на непријавените работници. |
| **Компонента 2 - Борба против родовата дискриминација на работните места и усогласување меѓу семејниот и професионалниот живот** | **2.1.** Унапредување на постојните и развивање нови мерки за олеснување на пристапот на пазарот на трудот за жените кои се во социјален ризик, младите жени под 29-годишна возраст, а особено жените кои се надвор од пазарот на трудот поради мајчинство или неплатена грижа за трето лице.<br>**2.2.** Анализа за спроведувањето на постоечките и елаборирање на законските одредби и новите мерки на политиките поврзани со промовирање на флексигурноста.<br>**2.3.** Организирање фокус групи со жени вработени во приватниот сектор за да се проучи ситуацијата на дискриминација на жените при пристапување и задржување на истото работно место по враќањето од породилно отсуство.<br>**2.4.** Зајакнување на капацитетите на инспекторатот за труд за препознавање на родова и родово-базирана дискриминација на пазарот на трудот. |

| | |
|---|---|
| | **2.5.** Проучување на природата, трендовите и интензитетот на користење на договори на определено време и други форми на нестандардни работни ангажмани во земјата, особено од родова перспектива**.**<br>**2.6.** Изработка на процена на економските трошоци и придобивки од мерките за усогласување на семејните обврски со работата.<br>**2.7.** Изработка на анализа и препораки за спроведување на законската регулатива за задолжително родителско отсуство на татковци и промени во законската регулатива за родителско отсуство.<br>**2.8.** Дизајнирање и спроведување промотивни кампањи за спроведување на законската регулатива за родителско отсуство на татковци и измени во законската регулатива за регулирање на родителското отсуство и вклучување на мажите во грижата за семејството.<br>**2.9.** Поддршка на шест организации од јавниот и/или приватниот сектор за воведување флексибилни форми на организација на работата (флексибилни во смисла на времетраење, распоред, локација, отсуство) и други работни аранжмани кои се погодни за семејството. |

**Постигнати резултати:**

**Правни и политички мерки, и мерки за подигање на свеста, што ќе го олеснат преминот кон формална економија**

- Проектот ги постави основите на системот за **следење на неформалното вработување**. Се разработија методологија и **индикатори** за пресметување на големината и карактеристиките на неформалната економија, со фокус на **неформалното вработување**. За да се олеснат процесите за собирање и споделување податоци меѓу институциите за **следење и известување за неформалното вработување, беше развиена едноставна ИТ алатка,** а вработените од надлежното министерство и институции беа обучени за нејзино користење и за анализа на податоците и индикаторите.

- Тргнувајќи од европските искуства и домашните предизвици за справување со појавата на непријавена работа во градежниот сектор, беше подготвен **предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност и здравје при работа, што предвидува воведување на картички за идентификација за вработените на градилиштата. Примената на овие одредби е уредена во предлог Правилник за формата и содржината на образецот за картичка за идентификација, како и начинот на издавање, менување и повлекување. За издавање на картичките, работодавачите ќе може да ја користат веб-алатката Employee Badge Generator. Постои и** упатство за примена на **законското решение за воведување на картички на работно место наменето за трудовите инспектори.**

- Најважно постигнување на проектот е предлогот на модел за формализирање на неформалната работа заснован на ваучери. Меѓуресорска работна група подготви **предлог на Закон за поедноставено пријавување на сезонски, привремени и повремени работници во одредени дејности.** Предлогот се

заснова на резултатите од спроведеното **Истражување за неформална работа во услужните сектори: лични услуги и домаќинство, угостителство и туризам,** потоа оценката за тоа која институција треба да има носечка улога при пријавувањето на привремената, повремената и сезонската работа, како и анализа на трошоците и придобивките од воведувањето на поедноставени работни ангажмани на работниците во наведените дејности. Беа земени предвид и искуствата на земји со сличен социо-економски контекст.

- Во завршната фаза на проектот под слоганот „***Направи чекор** кон фер работа и фер услови за сите*!" беше спроведена **кампања за подигање на свеста, едукација и информирање за непријавената работа и ефектите врз општеството во целина и кон работниците.**
- Проектот поддржа подготовка на студија за моменталната состојба во нашата земја со работните несреќи и професионалните ризици и болести во секторот земјоделство, којшто се карактеризира со висока застапеност на неријавена работа и несреќи при работа. Беа препорачани мерки за намалување на стапката на несреќи со посебен фокус на непријавените работници.

## Родовата дискриминација на работните места и усогласување меѓу семејниот и професионалниот живот

Во насока на усогласување меѓу семејниот и професионалниот живот беа предложени **препораки за измени во регулативата за родителско отсуство, вклучувајќи воведување задолжително татковско отсуство во Законот за работните односи.** Препораките се поткрепени со проценка на економските трошоци и придобивки од воведувањето на породилно, татковско и родителско отсуство и флексибилни работни аранжмани за полесно балансирање на семејните обврски и работата.

Дополнително, беше **спроведена кампања на социјалните мрежи** за потребите за измена на Законот за работните односи и регулирање на татковското и родителското отсуство согласно со Директивата на Европската Унија за усогласување меѓу работата и приватниот живот,

Како пример за успешно **воведување флексибилни форми на организација на работата четири компании беа наградени и добија поддршка во реализација на нивните идеи.**

- Беа направени и поголем број анализи, консултации со сите чинители и беа дадени препораки за политиките и правната рамка со која се уредува примената на **договорите на определено време и други нестандардни форми на работа.** Предложени се и нови активни мерки за вработување и препораки во однос на политиките за вклучување на жените во ризик на пазарот на трудот.
- Капацитетите на трудовата инспекција беа зајакнати за препознавање на полова и родова дискриминација на пазарот на трудот.